**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на дел II, област В, мерка 1 – "Кластери за иновативни и меѓународно ориентирани бизниси" од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019 година, ("Службен весник на Република Македонија " бр. 16/2019 година), Министерството за економија

**Објавува**

# ЈАВЕН ПОВИК
**за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Северна Македонија за 2019 година**

I

Предмет на Јавниот повик е доделување финасиски средства од страна на Министерството за економија за финансирање на кластерското здружување, во согласност со Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2019, дел II, област В, мерка 1 - "Кластери за иновативни и меѓународно ориентирани бизниси" („Службен весник на Република Македонија" бр. 16 /2019 година), во износ од 7.000.000,00 денари.

II

На Јавниот повик може да се пријават здруженија, фондации и комори, организирани по принципот на кластеринг. Министерството за економија ќе ги финансира проектите на кластерските здруженија кои опфаќаат активности поврзани со:

- набавка на специфична опрема или технолошки решенија кои ќе се користат од членките на кластерите,
- соработка на кластерите со универзитетите и/или соработка меѓу кластерите,
- развој на бренд стратегија и развој на брендирани производи во рамките на кластерот (географско потекло),
- изработка или реализација на заеднички иновативни проекти кои се однесуваат на истражување и развој на нови или подобрени производи, процеси или услуги,
- усовршување на кластерите и нивните членки преку ангажирање консултанти, организирање на специјализирани обуки, работилници, семинари за поттикнување и размена на знаење,
- трговски и извозно промотивни активности за кластерите (организација и учество на бизнис настани - саеми, Б2Б средби, трговски и медиумски мисии итн.).

III

Барањето за доделување на средствата треба да се достави на пропишан образец со попратна документација, по пошта или директно во архивата на Министерството за економија. Документацијата се доставува во оригинал или копии. Доколку документацијата е доставена во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува надлежното лице со своерачен потпис оверен со печат.

Во прилог на барањето, корисникот на средствата треба да ја достави следнава документација:

1. Пополнет образец - Барање (Кластери 2019),
2. Решение за регистрација или тековна состојба од Централен регистар (оригинал или копија со печат и потпис на поднесувачот, не постаро од шест месеци),
3. Доказ за најмалку еден вработен во кластерот (Образец М1/М2),
4. План и програма за користење на средствата (проект),
5. Изјава за доделена државна помош на кластерот, заверена на нотар,
6. Уплатници од - 50,00 и 250,00 денари за административни такси.

IV

Проектите ќе се оценуваат и рангираат согласно следниве критериуми:

| **Критериуми** | **Максимално бодови** |
|---|---|
| 1 . ОСНОВНИ КРИТЕРИУМИ | |
| 1.1. Краток општ опис на кластерот: | |
| - структура на кластерот | 5 |
| - број на членки, | 5 |
| - реализирани проекти на кластерското здружение во последните 3 години (доказ: референтна листа) | |
| • број на проекти, | 5 |
| • извор на финансирање и постигнати резултати | 5 |
| **Вкупно бодови:** | **20** |
| 2 .РЕЛЕВАНТНОСТ НА ПРОЕКТОТ | |
| 2.1. Проектот има активности на општа деловна поддршка и развој на заеднички услуги или производи кои | |

| | |
|---|---|
| интензивираат соработка помеѓу различни чинители (прилог: докази):<br>- цели и предизвици,<br>- предложени решенија и активности,<br>- проектот има компонента на истражување и развој, вештини и едукација,иновација, интернационализација. | <br>5<br>5<br>15 |
| **Вкупно бодови:** | **25** |
| 3. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ | |
| 3.1. Реализацијата на проектот или вмрежување на кластерските здруженија се одвива во соработка со :<br>- членките во кластерското здружение,<br>- кластерските здруженија меѓу себе,<br>- со универзитетите и со научните институции,<br>(Прилог докази)<br>3.2. Капацитет на тимот вклучен во реализација на проектот (доказ: CV, референтна листа) | <br>5<br>5<br>5<br><br>10 |
| **Вкупно бодови:** | **25** |
| 4. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | |
| 4.1. Придобивки и ефекти од реализацијата на проектот, прикажани преку конкретни квантифицирани индикатори:<br>- промоција и развој на кластерот.<br>- број на компании и институции вклучени во реализација на проектот,<br>- регистрирани брендови, нови производи,<br>- подобрени и нови услуги, нови процеси,<br>- зголемен извоз,<br>- и др. (различно од погореспоменатите) | <br><br>5<br>5<br>5<br>5<br>5<br>5 |
| **Вкупно бодови:** | **30** |
| ВКУПНО | **Максимално 100** |

V

За активностите од мерката 1 од дел II, област В. Поддршка и развој на кластерското здружување, делот на трошоците за оваа намена ги надоместува Министерството за економија во висина од 75% од проектот, но не повеќе од **1.000.000,00** денари по позитивно оценета апликација. Позитивна апликација се смета апликацијата која по однос на критериумите 2,3 и 4 од овој повик има освоено повеќе од 40 бода. Апликациите кои имаат освоено помалку од 40 бода Комисијата ќе ги оцени како нерелевантни и истите нема да бидат финансиски поддржани согласно овој јавен повик.

Кластерските здруженија може да поднесат само едно барање со наведените активности од дел II, област В. Поддршка и развој на кластерското здружување, мерка 1 - "Кластери за иновативни и меѓународно ориентирани бизниси".

VI

Пријавите за доделување на средствата ги разгледува КОМИСИЈАТА формирана од Министерството за економија, а ОДЛУКА за доделување на средствата донесува Министерот, по што следува потпишување на Договор со корисникот на средствата.

Корисникот на доделените неповратни средства, должен е да поднесе докази за наменско користење на средствата и успешна реализација на проектот. Министерството за економија го задржува правото за следење на реализација на проектите, како и контрола на наменското трошење на средствата.

Барањата треба да се достават во Архивата на Министерството за економија, ул „Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје. Краен рок за поднесување на пријавите за доделување на средствата е **31.07.2019 година.**

VII

Образецот **Барање Кластер -2019** за пријавување на Јавниот повик и **Изјавата за доделена државна помош на кластерот**, подносителите може да ги подигнат во Министерството за економија, ул: Јуриј Гагарин, бр.15 – Скопје, или на веб страната на Министерството: **www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk**.

VIII

Јавниот повик за Поддршка и развој на кластерското здружување за 2019 година, ќе биде објавен во два (2) дневни весници на македонски и албански јазик.

IX

Трошоците наменети за реализација на мерка 1 од дел II, област В. Поддршка и развој на кластерското здружување, ќе им бидат исплатени на кластерските здруженија во зависност од расположивите средства од Буџетот.